Reljefnata struktura na Republika Makedonija e raznovidna,so ogled na razli~nite neramnini na zemjinata povr{ina e pretstavena so planini,kotlini,dolini,tesni klisuri,prevail i drugi reljefni formi.Gradot Kavadarci se nao|a vo Tikve{kata kotlina i zafa}a povr{ina od 992,44km2i gustina na naselenieto 39,04 `it/km2.

Javnata Op{tinska Ustanova Dom na kultura ,,Ivan Mazov-Klime"-Кавадарци,се наоѓа во Кавадарци на ул.7-ми Септември бр.1,во општина Кавадарци.Во околина на објектот во кој е сместен Dom na kultura,од лева страна е Градскиот зелен пазар и Македонска Пошта,десно се наоѓа Градскиот плоштад и Собранието на Општина Кавадарци.

Лице за контакт е Dime Temkov,тел.:043/- или мобилен 072/248-665.

Јавната Општинска Установа Dom na kultura ,,Ivan Mazov-Klime"-Кавадарци во својот состав има една организациона единица и тоа:

-Организациона единица ,,Ivan Mazov-Klime" се наоѓа на улица 7-ми Септември бр.1.Сместена е во зграда,изградена од тврда градба,претежно е бетонска со алуминиумски рамки на прозорците и влезните врати.Зградата има подрум,приземје и еден кат.Главниот влез е од улицата 7-ми Септември.За осветлување во Dom na kultura претежно се користат неонски светла,од кои повеќето се со заштитни поклопци.

Основната функција на Dom na kultura е да ги чува делата и материјалните добра.На vtori кат се наоѓаат канцеларии за директорот и општа служба.Низ објектот се поставени ПП-апарати за заштита од пожар .Во Dom na kultura постојано се вработени dvanaeset лица,а дневно го посетуваат голем број љубители на уметноста кои ги разгледуваат делата изложени во галеријата.

Поради ефикасна заштита на имотот и луѓето Dom na kultura презема мерки за заштита од: пожари,земјотреси,поплави,загрозеност од радиолошка,хемиска и биолошка контаминација и остварување на прва медицинска помош.

**Заштита и спасување од пожари опфаќа:**

Дејноста на Dom na kultura за чување и изнајмување на дела и материјали,кои се запалив материјал,и обезбедување на услови за љубители на уметноста,од една страна и од друга,дека во неа секојдневно работат повеќе вработени а како јавна установа дневно ја посетуваат голем број посетители,неопходни се активности за превенција,заштита и спасување од пожари.

Можностите за настрадување од пожар се бројни и можат да настанат како последица на неисправна електрична инсталација,од неисправни грејни тела(кујнско бојлерче и бојлер за купатило,електрична печка,грејалица, но и други електрични уреди-вентилатор,клима уреди,компјутери,скенери,печатари,разни електрични работни машини и сл.).Меѓутоа,пожар може да биде предизвикан од вработените или посетителите на Dom na kultura со нивното несоодветно однесување и невнимание.Според тоа,постојано се превземаат активности за:

-подготовка и спроведување на превентивни мерки во сите објекти,места и простории во Dom na kultura каде постои можност за настанување на пожар;

-организирање и подготовка на вработените за гасење на пожари;

-спасување на луѓе,материјални и други добра во објектите на Dom na kultura загрозени од пожар;

Секој вработен во Dom na kultura е должен во случај на пожар,да го гаси пожарот,да ги исклучи електричните уреди,по потреба да повика помош,да повика пожарна,да го извести директорот и раководителот и да превземе мерки за поефикасна заштита од пожарот.

**Земјотреси:**

Територијата на Република Македонија како дел од источната зона на Алпско-Хималајскиот појас се одликува со изразита манифестација на неотектонски и современи деструктивни процеси,кои покрај другото,резултираат и со појави на интезивна сеизмичка активност во повеќе региони.

Сеизмичката активност се јавува како последица на тектонските процеси и е присутна како во регионот на западна Македонија така и во регионите на централна и источна Македонија.Сеизмичката активност на територијата на Република Македонија е концентрирана во повеќе сеизмогени подрачја.Во однос на јачината на

настаните и очекуваните земјотреси тие се класифицирани во категории од прв,втор и трет ред.

Заради намалување на последиците,особено внимание треба да се посвети на превентивните мерки за заштита и спасување од урнатини,а при појава на земјотрес да не се крева паника,затекнатите во објектот да се засолнат под касите на вратите и слични зајакнати места,телото да е во наведната положба,а напуштањето на објектот да се врши полека и без трчање.

**Загрозеност од поплави:**

Поплавите се природни непогоди кои повеќе пати ја зафаќаат територијата на Република Македонија.Тие настануваат како резултат на специфичностите на релјефот,топографските,орографските,геоморфолошките и климатските услови на нашето поднебје,како и нерамномерниот режим на течењето на природните водотеци.

Директор

___________________

Јулијана Туриманџова